Република Северна Македонија
КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ
И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА
ОКСЗД
Republika e Maqedonisë së Veriut
KOMISIONI I PARANDALIMIT
DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI

Архивски бр. 10-803/2
Дата: 27-11-2023

До:
- [redacted]

Предмет: Одговор на барање за достава на информација

Врска: Ваш број 01-77/02 од 09.11.2023

Почитувани,

Во врска со од Ваша страна доставеното Барање за пристап до информации од јавен карактер со горенаведениот број, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација, Ви го доставува следниот одговор со Вовед и одговори редоследно согласно вашето барање:

Вовед:

Комисијата за спречување и заштита од дискриминација (во понатамошниот текст: КСЗД) започна со работа во 2021 година, така што податоците по години се прикажани започнувајќи од истата година.

Во периодот 2021-2023 година, до КСЗД се доставени 93 претставки за заштита од дискриминација врз основа на сексуална ориентација и/или родов идентитет, од кои:

- 25 претставки со заклучок на КСЗД биле отфрлени, односно не била поведена или била запрена постапка за утврдување на дискриминација, од кои
- 8 претставки се тековни
- За 60 претставки била поведена постапка за утврдување на дискриминација и донесено соодветно мислење, од кои 56 се претставки за вознемирување, односно повикување, поттикнување и инструкција за дискриминација врз основа на сексуална ориентација и/или родов идентитет, додека останатите 4 се однесуваат на директна дискриминација врз основа на сексуална ориентација и родов идентитет.

Во одговорот на прашањата ќе бидат презентирани податоци за претставките за повикување, поттикнување и инструкција за дискриминација, односно вознемирување, врз основа на сексуална ориентација и/или родов идентитет за кои КСЗД повела постапка за утврдување на дискриминација и донела мислење, а чиј вкупен број изнесува 56 претставки.

1. <u>Доставете ни број на претставки за повикување, поттикнување и инструкции за дискриминација врз основа на сексуална ориентација и/или родов идентитет, од 2020 година до денес, по години.</u>

- 2021 година - 2 претставки за повикување, поттикнување и инструкција за дискриминација и вознемирување врз основа на сексуална ориентација и/или родов идентитет
- 2022 година – 4 претставки за повикување, поттикнување и инструкција за дискриминација и 5 претставки за повикување, поттикнување и инструкција за дискриминација и вознемирување врз основа на сексуална ориентација и/или родов идентитет

- 2023 година – 2 претставки за повикување, поттикнување и инструкција за дискриминација и 2 претставки за повикување, поттикнување и инструкција за дискриминација и вознемирување врз основа на сексуална ориентација и/или родов идентитет.

2. Дали за овој период имате покренато по службена должност претставка за повикување, поттикнување и инструкции за дискриминација врз основа на сексуална ориентација и/или родов идентитет? Ако да, колку и кој е крајниот резултат?

- КСЗД нема покренато по службена должност претставка за повикување, поттикнување и инструкции за дискриминација врз основа на сексуална ориентација и/или родов идентитет во периодот од 2021-2023 година.

3. Доставете ни број на случаи во кои имате утврдено повикување, поттикнување и инструкции за дискриминација врз основа на сексуална ориентација и/или родов идентитет, од 2020 година до денес, по години.

- 2021 година – утврден е 1 случај на повикување, поттикнување и инструкција за дискриминација и вознемирување врз основа на сексуална ориентација и/или родов идентитет
- 2022 година – утврдени 4 случаи на повикување, поттикнување и инструкција за дискриминација врз основа на сексуална ориентација и/или родов идентитет и 6 случаи на повикување, поттикнување и инструкција за дискриминација и вознемирување врз основа на сексуална ориентација и/или родов идентитет
- 2023 година – утврдени 2 случаи на повикување, поттикнување и инструкција за дискриминација врз основа на сексуална ориентација и/или родов идентитет и 2 случаи на повикување, поттикнување и инструкција за дискриминација и вознемирување врз основа на сексуална ориентација и/или родов идентитет.

4. Доставете ни број на случаи во кои имате утврдено повикување, поттикнување и инструкции за дискриминација врз основа на сексуална ориентација и/или родов идентитет, од 2020 година до денес, во кои е спроведена или неспроведена препораката.

| Година на донесено мислење | Спроведена препорака | Неспроведена препорака |
|---|---|---|
| 2021 | 0 | 1 |
| 2022 | 4 | 6 |
| 2023 | 0 | 2 |

5. Доставете ни број на претставки за вознемирување врз основа на сексуална ориентација и/или родов идентитет, од 2020 година до денес, по години.

- 2021 година – 9 претставки за вознемирување врз основа на сексуална ориентација и/или родов идентитет
- 2022 година – 22 претставки за вознемирување врз основа на сексуална ориентација и/или родов идентитет
- 2023 година – 10 претставки за вознемирување врз основа на сексуална ориентација и/или родов идентитет

6. Дали за овој период имате покренато по службена должност претставка за вознемирување врз основа на сексуална ориентација и/или родов идентитет? Ако да, колку и кој е крајниот резултат?

КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ
И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА
KOMISIONI I PARANDALIMIT
DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI

ул. Даме Груев 1, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Dame Gruev 1, 1000 Skopje, Republic of North Macedonia

+389 23232368;
+389 23216892
www.kszd.mk
contact@kszd.mk

- КСЗД нема покренато по службена должност претставка за вознемирување врз основа на сексуална ориентација и/или родов идентитет во периодот од 2021-2023 година.

7. Доставете ни број на случаи во кои имате утврдено вознемирување врз основа на сексуална ориентација и/или родов идентитет, од 2020 година до денес, по години.

- 2021 година – утврдени 5 случаи на вознемирување врз основа на сексуална ориентација и/или родов идентитет
- 2022 година – утврдени 24 случаи на вознемирување врз основа на сексуална ориентација и/или родов идентитет
- 2023 година – утврдени 12 случаи на вознемирување врз основа на сексуална ориентација и/или родов идентитет.

8. Доставете ни број на случаи во кои имате утврдено вознемирување врз основа на сексуална ориентација и/или родов идентитет, од 2020 година до денес, по години, во кои е спроведена или неспроведена препораката.

| Година на донесено мислење | Спроведена препорака | Неспроведена препорака |
|---|---|---|
| 2021 | 2 | 3 |
| 2022 | 6 | 10 |
| 2023 | 1 | 3 |

9. Дали за случај во кој имате утврдено вознемирување или повикување, поттикнување и инструкции за дискриминација врз основа на сексуална ориентација и/или родов идентитет имате препорачано на обвинителството или МВР да спроведат истраги, покренат обвинителни акти или поднесат кривични пријави? Ако да, колку? Кој бил резултатот, дали ја почитувале препораката?

Согласно Законот за спречување и заштита од дискриминација, вознемирувањето или повикувањето, поттикнувањето и инструкциите за дискриминација, како против правни дејствија се квалификувани како прекршоци. Оттука, Комисијата во случаи кога покренува постапка и донесува мислење со кое се утврдува нивно сторување, истите ги третира како прекршок, за што понатаму презема дејствија за покренување на соодветна постапка за утврдување на прекршочна одговорност.

Ви стоиме на располагање за евентуални дополнителни информации.

Со почит,

Претседател на Комисија за спречување
и заштита од дискриминација
Игор Јадровски



ул. Даме Груев 1, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Dame Gruev 1, 1000 Skopje, Republic of North Macedonia

+389 23232368;
+389 23216892
www.kszd.mk
contact@kszd.mk